# СОРТИ НА МАЛИНА

Малината е џбунесто растение со низок раст од фамилијата ружи. Таа е многу ценето овошје, пред сè заради нејзините сочни и вкусни плодови, но и заради нејзиниот лист кој се користи за чај од некои заболувања или состојби на човечкиот организам. Последните години во нашата земја сè почесто се засадува, бидејќи претставува и доста профитабилен бизнис.



Пред да се започне со подигнување на рентабилен насад од малинки, покрај познавањето и информирањето за природните услови при кои малината успева, потребно е добро да се информираме и околу сортите на малини и да ја одбереме најсоодветната сорта за дадените природни услови.

Постојат две групи на малини: малини кои плодоносат во лето и малини кои плодоносат во есен.

Во однос на бојата, има четири видови на малини:

1. Црвена малина – освен европската црвена малина постои и америчка црвена малина која што има посветло црвена боја и полутопчеста форма на плодот и за разлика од европската е поотпорна на мразеви.
2. Црна малина – таа е повеќегодишна, а плодот е со црна боја со полутопчеста форма.
3. Пурпурна малина – настаната со вкрстување на црната и црвената малина и се одликува со голема плодност.
4. Жолта малина – најслична е со црвената малина, но поради помала количина на антоцијанин, бојата на плодот е жолта. Успева на земјиште со голем процент на органска материја и на места под 800м надморска височина.

Постојат повеќе сорти на малини од сите горенаведени видови: Chilliwack, Gradina, Blek hok , Bristol, Burgundi, Kolumbijan, Marion, Polana, Promise, Meeker, Fall Gold… Но, во нашата земја најзастапени се две сорти: Виламет и Полка.

**Виламет** е една од најраспросранетите сори на малини. Се карактеризира со средно крупни плодови, темно-црвена боја, со карактеристичен вкус и мирис. Оваа малина се одгледува во облик на жива ограда, што значи, неопходно е користење на жица и редовна резидба. Успева во ридско-планински подрачја, на надморска височина од 500 до 900 метри. Првата пролет после садењето, садниците се режат на 20 см од земјата или на 2-3 папки. Виламет сортата, спаѓа во средно – рани сорти чиј што период на зреење е од јуни до средината на јули. Раѓа од втората година.



**Полка -** Потекнува од Полска, се одгледува претежно во рамничарски предели, на надморска височина од 400 до 800 метри. Се одгледува како грмушка, па нема потреба од врзување со жица и може да достигне висина од 3 метри. Оваа сорта се карактеризира со доста цврст и издржлив плод, кој и по неколку часа после берба ја задржува својата цврстина. Оваа сорта почнува да дава плодови уште првата година и спаѓа во групата на дво-роди малини, односно дава род на есен и рано на лето следната година. За разлика од Виламет сортата, оваа сорта плодоноси околу 4 месеци, бара повеќе наводнување и може да се бере машински.

**Дип. Инг. Агр. Ана Велјановска Трајчески**
**РЕ Ресен**